Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-170/4
______ година 03-04-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-170/1 од 31.1.2025 година поднесена од од , со адреса на ул. , против , директорка на ООУ „Димитар Македонски" во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба и здравствена состојба во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 27.3.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на , директорка на ООУ „Димитар Македонски" во Скопје, врз врз основа на семејна или брачна состојба и здравствена состојба во областа на правосудство и управа.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-170/1 од 31.1.2025 година, од страна на од Скопје, против , директорка на ООУ „Димитар Македонски" во Скопје за сторена дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба и здравствена состојба во областа на правосудство и управа.

Според наводите од претставката, подносителката е мајка на -годишниот , ученик во ООУ „Димитар Македонски". Претставката ја поднесува против директорката на училиштето, како и социјалниот работник и наставничките и , поради тоа што во Центарот за социјална работа пријавиле дека ученикот бил семејно малтретиран. Подносителката тврди дека синот немал траги на насилство и дека тие дале лажна изјава. По пријавата, на ден 24.1.2025 претставници од Центарот за социјална работа дошле на нивната домашна адреса во 21:15 часот, за што подносителката наведува дека ја вознемирило и нејзе и нејзините мајка и дедо кои биле присутни. Наведува дека претставниците не го земале детето бидејќи тој спиел. Последно напоменува дека таа има епилепсија.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

1. Извештај од ЈЗУ УК по хируршки болести Св. Наум Охридски Скопје од 28.1.2025 година;
2. Извештај од ЈЗУ УК за од 30.1.2025 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 4.3.2025 година испрати Известување бр. 08-170/2 за произнесување по наводите од претставката до директорката на ООУ „Димитар Македонски", . Со предметното Известување беше побарана и информација дали во училиштето имало други слични случаи каде вработени пријавиле насилство сторено од страна на родител врз дете-ученик во училиштето.

На ден 18.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на ООУ „Димитар Македонски", заведено под бр. 08-170/3.

Од училиштето најпрво наведуваат дека согласно член 66 од Законот за основното образование, директорот на основното училиште е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител, старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во основното училиште, до надлежните институции.
Понатаму наведуваат дека согласно Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва, училиштето е одговорно за ефикасен и ефективен одговор во случаите на насилство. Упатството се применува секојпат кога насилството се случува и/или кога вработените во училиштето имаат сознанија или сомнеж дека ученик бил или е жртва на насилство. Кога станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот, а вработените ја добиле таа информација преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, стручните соработници во соработка со релевантните наставници можат да разговараат со ученикот или со други лица сѐ со цел да добијат попрецизни информации.
Напоменуваат дека овие случаи училиштето е должно да ги пријави во Центарот за социјална работа.

Согласно наведеното, на ден 24.1.2025 година училиштето доставило Известување со мислење од неколку аспекти за ученикот до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Служба за брак, семејство и семејно насилство.
На ден 10.3.2025 година, од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа било доставено Известување до училиштето, со кое тие биле информирани дека од страна на стручни лица при Службата за брак, семејство и семејно насилство, биле преземени сите процесни и стручни дејствија, при што било донесено Решение бр. 1001-59/23 од 3.3.2025 година со кое е определена мерка надзор над вршењето на родителското право на родителката

Во однос на барањето на информација дали во училиштето имало други слични случаи каде вработени пријавиле насилство, информираат дека секогаш без исклучок вработените преземаат мерки согласно закон и подзаконски акти. Истакнуваат дека превенцијата и заштитата од насилство на деца бара мултисекторски пристап и соработка со надлежните институции, сѐ со цел грижа во најдобар интерес на детето, кој подразбира постапување и одлучување при кои примарно значење имаат интересите за негова заштита, воспитување и правилен раст и развој.

Во прилог на произнесувањето беа доставени следните докази:

1. Известување за наводно семејно насилство од ООУ „Димитар Македонски" до Меѓуопштински центар за социјална работа од 24.1.2025 година;
2. Известување од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје до ООУ „Димитар Македонски" од 10.3.2025 година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата и доставените одговори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 24.1.2025 година ООУ „Димитар Македонски" доставило Известување со мислење за ученикот до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Служба за брак, семејство и семејно насилство.

Видно од доставеното Известување, од страна на наставничките било забележано дека ученикот не ги следи насоките, не ги исполнува барањата и нема основни предзнаења кои соодветствуваат на неговата возраст, на наставата најчесто своеволно неодредено цртал по тетратките и учебниците и не покажувал интерес на обидите на наставничките да му го привлечат вниманието; постигнувањата му биле многу ниски, за што на родителите им било предочено дека е потребно да му обрнат поголемо внимание во учењето и била побарана поголема соработка и одговорност во однос на извршување на училишните обврски; на повиците за средба, побарана на наставничките во консултација со стручните соработници, редовно се одзивала само мајката, додека таткото не се појавил ниту се заинтересирал за состојбата на детето; по барање на мајката, била воспоставена консултација со социјалниот работник од училиштето, при што мајката истакнала дека во нивниот дом подолг временски период таткото изразувал психичка и физичка агресија кон нејзе, а детето било сведок на тие случувања; од социјализациски аспект, ученикот не се вклопувал самоиницијативно во разговор и не покажувал никаков интерес во однос на наставата, а покажувал и агресија.

На ден 22.2.2025 година ученикот дошол на училиште со голем оток на задниот дел од главата и гребаница на горниот дел од носот, помеѓу очите. Наставничката во прва смена направила разговор со него во врска со повредата, на што тој ѝ кажал дека бабата силно го удрила по главата, а мајка му секој ден го тепа по глава. За гребаницата на носот кажал дека паднал и се удрил додека со баба му noселе дрва. Следниот ден, наставничката повторно разговарала со него и според неговиот исказ, кога си отишол дома претходниот ден, мајка му го удрила по раката поради тоа што ѝ се пожалил на наставничката и му рекла дека не смее да кажува што прават дома.

Училиштето во Известувањето истакнало дека имаат предвид дека се работи за дете од   години, но не сакаат да ја занемарат неговата изјава, особено бидејќи мајката претходно изјавила дека во домот се случува насилство.

Со Известување од 10.3.2025 година, Службата за брак и семејство и заштита од семејно насилство при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје го известила училиштето дека било постапено по пријавата, при што било донесено Решение бр. 1001-59/23 од 3.3.2025 година со кое е определена мерка надзор над вршењето на родителското право на мајката .

Според наводите на мајката, службите од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје ги вознемириле и неа и останатите присутни членови од семејството со нивното доаѓање во домот во 21:15ч, како и предизвикале страв кај детето дека ќе биде земено од дома. Мајката наведе дека страда од епилепсија.

Согласно со **член 66 став 12 од Законот за основното образование**, директорот на основното училиште е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во основното училиште, до надлежните институции.
Согласно со **став 13 од истиот член од Законот**, доколку директорот на основното училиште имал сознание дека може да се случи напад над ученик во основното училиште и за истото не презел мерки или не го пријавил насилството, злоупотребата или занемарувањето сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во основното училиште, до надлежните институции согласно закон, за истиот се поведува постапка за разрешување од должноста директор на основното училиште.

Врз основа на овој член, од страна на Министерството за образование и наука донесено е и **Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**, кое меѓу другото ги уредува и


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

мерките и активностите што ги преземаат основните училишта во случаите на насилство над ученик.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, пријавата до Центарот за социјална работа била поднесена поради видливи знаци на повреда кај ученикот, како и изјава од негова страна за сторено насилство врз него од страна на членови на семејството. Во оваа смисла, училиштето имало законска обврска да реагира на истото, односно да поднесе соодветна пријава до надлежните институции. Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување се однесува на кој било вид насилство чија жртва или сведок е ученик во основното училиште и притоа не е важно каде се случило насилството (во училиштето или дворот, на патот до училиштето или до домот, во домот и на кое било друго место). Притоа, обврската за пријавување која произлегува од Законот за основното образование не значи дека директорот самостојно треба да спроведува мерки и активности за превенција и заштита од насилство, туку дека има обврска да воспостави ефикасен и ефективен систем за превенција и заштита од насилство. Видно од Известувањето за наводно семејно насилство доставено до Центарот за социјална работа, при постапувањето на училиштето биле вклучени двете одделенски наставнички, како и стручните соработници- педагог, психолог, социјален работник и специјален едукатор и рехабилитатор, кои заеднички дале мислење за ученикот од неколку аспекти. Ова укажува дека директорката не постапувала самостојно или произволно при известувањето на Центарот на социјална работа.

Во однос на дискриминаторската основа, не постојат факти и околности кои укажуваат на тоа дека училиштето постапувало нееднакво кон подносителката на претставката, мајка на ученикот, заради нејзината семејна или брачна состојба и здравствена состојба. Оттука, Комисијата утврди дека не постои каузалност помеѓу наведените дискриминаторски основи во претставката и постапувањето од страна на училиштето.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- ООУ „Димитар Македонски", ул. Ѓуро Малешевац бр. 2, Општина Аеродром, 1000 Скопје